# Извадок на дел од дневните настани 04.11.2025

04/10/2025

Министерство за внатрешни работи

На 03/04.10.2025 во Скопје, на различни локации, полициски службеници ги лишија од слобода М.Е.(26), Р.Ј.(24), Х.Ј.(31), П.Ј.(39) и С.Д.(48) од Скопје, Н.Ц.(31) од Крива Паланка и Х.Ф.Х.(24) од Република Турција, затоа што кај нив се пронајдени и одземени прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на случаите, против нив ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 03.10.2025 во 18:40 часот во СВР Скопје е пријавено дека на крстосницата од бул.„Србија", бул.„Јане Сандански" и бул.„Видео Смилевски Бато" во Скопје се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од О.К.(59) од Скопје, патничко возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.К.(32) од Скопје, патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од И.С.(25) од с.Текија, скопско и патничко возило „опел" со скопски регистарски ознаки управувано од Д.Ј.(78) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката од патничкото возило „пежо" Ј.Д.(31) од Скопје, додека со телесни повреди се здобил М.К., констатирани во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен е увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 03.10.2025 во 20:25 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишија од слобода Б.М.(21) од с.Горно Врановци, општина Чашка, затоа што при извршена контрола на патничко возило „голф" со велешки регистарски ознаки, кое го управувал, е пронајдена и одземена марихуана. Лицето е задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

| | |
|---|---|

На 03.10.2025 во 12:30 часот во СВР Скопје, А.Д.(50) од Скопје пријави дека на 29.09.2025 во кругот на приватна фирма на подрачјето на Кисела Вода во Скопје, каде што работел, забележал оштетување на кровот на патничко возило „тојота" од заталкано зрно од огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.10.2025 во 09:25 часот на Граничниот премин Табановце, од страна на полициски службеници е лишен од слобода М.М.(19) од Прилеп. Истиот ден околу 06:45 во ОВР Прилеп било пријавено дека по претходно случена сообраќајна несреќа во Прилеп, настанала расправија и М.М. со остар предмет му нанел повреди на М.Џ.(43) од Прилеп, по што се дал во бегство. Но, по преземени мерки, М.М. е лишен од слобода и предаден на ОВР Прилеп, а по документирање на настанот, ќе следува соодветна пријава.

На 03.10.2025 во 17:30 часот во СВР Скопје е пријавено дека во автобус на ЈСП, на подрачјето на Чаир во Скопје, по претходна расправија е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ш.Ф.(36) од скопско и З.А.(55) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2025 во 16:25 часот во СВР Скопје е пријавено дека во с.Катланово починал М.П.(47) од Р.Србија. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. Извршен е увид и по наредба  на јавен обвинител, телото на починатиот е предадено на обдукција.

На 03.10.2025 во 05:00 часот на бензинска пумпа на подрачјето на Карпош во  Скопје, полициски службеници од СВР Скопје, го привеле А.М.(23) од Скопје, по претходна пријава дека тој заедно со Ј.Б.(22) и Т.Н.(24) од една страна и Х.Ш.(19) и 17-годишен малолетник, од друга страна, сите од Скопје го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.10.2025 во 16:05 часот во с.Истибања, виничко, полициските службеници од ОВР Кочани ги лишија од слобода А.А.(29) и Ф.В.(19) двајцата од Виница. При преглед на патничко возило „голф" со винички регистарски ознаки, управувано од А.А., а сопатник бил Ф.В., пронајдена е и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

← Претходно

Следно →



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.